РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES

Бр.-Nr. 04-3570/2
13-11-2026 20
Скопје-Shkup

Врз основа на член 97 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15 и 65/18), а во врска со член 5 од Правилникот за начинот на селекција, избор, подготовка, упатување и враќање на воениот и цивилен персонал на Армијата на Република Северна Македонија и вработените во Министерството за одбрана, на национална или меѓународна должност во земјата и во странство бр.01-2300/1 од 16.07.2026 година, министерот за одбрана донесе

ИСПРАВКА НА ИНТЕРЕН ОГЛАС ЗА УПАТУВАЊЕ НА ДОЛЖНОСТ ШТАБЕН ОФИЦЕР ЗА ФУНКЦИОНАЛНИ ЛОГИСТИЧКИ УСЛУГИ ВО СЕКЦИЈА ЗА ДВИЖЕЊЕ И ТРАНСПОРТ ВО ДИРЕКТОРАТ ЗА ОПЕРАЦИИ ВО ШТАБ НА ЗДРУЖЕНА ЛОГИСТИЧКА ГРУПА ЗА ПОДДРШКА ВО НЕАПОЛ, ИТАЛИЈА

1. Во Интерниот оглас за избор и упатување на должност Штабен офицер за функционални логистички услуги во Секција за движење и транспорт во Директорат за операции во Штаб на Здружена логистичка група за поддршка во Неапол, Италија, за период до 3 години бр.04-3570/1 од 06.11.2026 година, во точка 2 алинејата 1 се исправа и гласи:

„-да се во ист, непосредно понизок или непосредно повисок чин од чинот утврден со НАТО описот за работното место мајор;“.

2. Исправката има важност од кога важи Интерниот оглас за избор и упатување на должност Штабен офицер за функционални логистички услуги во Секција за движење и транспорт во Директорат за операции во Штаб на Здружена логистичка група за поддршка во Неапол, Италија, за период до 3 години бр.04-3570/1 од 06.11.2026 година.

3. Останатите елементи од Интерниот оглас за избор и упатување на должност Штабен офицер за функционални логистички услуги во Секција за движење и транспорт во Директорат за операции во Штаб на Здружена логистичка група за поддршка во Неапол, Италија, за период до 3 години бр.04-3570/1 од 06.11.2026 година, остануваат непроменети.

4. Исправката да се објави со истакнување на огласната табла на Министерството за одбрана, достави до сите организациски единици на Министерството, командите и единиците на Армијата на Република Северна Македонија и објави на веб страната на Министерството за одбрана.

Изработила: Елена Иванова
Согласни: Ирена Станковска
Крсте Малинковски
Одобрила: Елизабета Чуповска Ристова

МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА
Владо Мисајловски

Доставено до:
- Кабинетот на министерот за одбрана
- Државен секретар
- Генералштаб на Армијата
- Сите организациски единици
- Воена академија
- Веб страна на МО
- Архива.